Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

# ПУБЛИКАЦИЈА бр. 15
## Јули – Август 2008
## ПАЗАР НА ДРЖАВНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

***Содржина во овој број:***


***1 Настани кои го одбележаа финансискиот пазар во изминатиот период***

***1.1 Движења на примарниот пазар на државни хартии од вредност во Република Македонија***
***1.2 Седма емисија на обврзници за денационализација***
***1.3 Движења на секундарниот пазар на државни хартии од вредност во Република Македонија***
***1.4 Преглед на сопственичката структура на недостасаните структурни државни обврзници за денационализација и старо девизно штедење***

***2 Пазар на државни хартии од вредност***

***2.1 Примарен пазар***
***2.2 Секундарен пазар***
***2.2.1 Македонска берза***
***2.2.2 Пазар преку шалтер***

***3 Календар на аукции за третиот и четвртиот квартал во 2008 година***

***4 Овластени директни учесници (податоци, контакти и провизии)***

***5 Контакти***


***Септември, 2008***

www.finance.gov.mk

# 1 НАСТАНИ КОИ ГО ОДБЕЛЕЖАА ФИНАНСИСКИОТ ПАЗАР ВО ИЗМИНАТИОТ ПЕРИОД

## 1.1 Движења на примарниот пазар на државни хартии од вредност во Република Македонија

Она што беше карактеристично за пазарот на државни хартии од вредност (во натамошниот текст: ДХВ), во периодот јули - август 2008 година, е трендот на континуирано зголемување на каматните стапки на ДХВ кај сите рочности, кој започна од почетокот на 2008 година. Во текот на јули, Министерството за финансии на Република Македонија донесе одлука за промена на тендерот со износи (примена на фиксна каматна стапка) во тендер со каматни стапки (примена на повеќекратни каматни стапки), кај државните записи. Просечната пондерирана каматната стапка кај 3-месечните државни записи во јули изнесуваше 7.28%, додека во август истата се зголеми за 0.11 процентни поени и изнесуваше 7.39%. Каматната стапка кај 6-месечните државни записи во јули изнесуваше 7,30%[1], а во август истата изнесуваше 7.76% што претставува зголемување за 0,46 процентни поени. Пондерираната каматната стапка постигната на аукцијата на 12-месечните државни записи во август изнесуваше 7,92%. На аукцијата на 2-годишната државна обврзница која се одржа во август, беше понудена купонска каматна стапка од 8,25%.

Доколку се направи анализа на движењата на каматните стапки на ДХВ од почетокот на 2008 година, може да се констатира дека истите бележат тренд на континуирано зголемување. Илустративно, каматната стапка на 3-месечните државни записи постигната на аукциите во јануари 2008 година изнесуваше 5,10% додека пак, истата постигната  на аукциите во август 2008 година е зголемена за 2,29 процентни поени, и истата изнесува 7,39%. Кај 6-месечните државни записи каматна стапка во јануари 2008 година изнесуваше 5,37%, додека пак, истата постигната на аукцијата во јули 2008 година е зголемена и изнесува 7,76%. Трендот на движење на каматните стапки е идентичен и кај останатите рочности на ДХВ, односно каматните стапки на 12-месечните државни записи, како и кај 2 и 3-годишните државни обврзници. Имено, од почетокот на годината, каматните стапки на 12-месечните државни записи, 2-годишните државни обврзници и 3-годишните државни обврзници се зголемија за 2,24 процентни поени, 2,00 процентни поени и 1,25 процентни поени, респективно. Купонската каматна стапка која беше понудена на аукцијата на 2-годишните државни обврзници во август 2008 година, изнесуваше 8,25%, додека купонската каматната стапка понудена на последната аукција на 2-годишни државни обврзници одржана во февруари 2008 година, изнесуваше 6,25%.

1 На аукцијата на 6 месечни државни записи која се одржа во јуни се примени Тендер со износи (примена на фиксна каматна стапка).

Генерален заклучок е дека на аукциите на ДХВ, кои беа реализирани во текот на јули и август, побарувачката е помала во однос на понудениот износ. Вкупниот износ на ДХВ кој беше понуден на аукциите во текот на јули изнесуваше 2,05 милијарди денари, а побарувачката за истите изнесуваше 964,22 милиони денари, додека во текот на август беше понуден износ од 1,4 милијарди денари, а побарувачката изнесуваше околу 659,73 милиони денари.

Во текот на анализираниот период се бележат промени во сопственичката структура на недостасаните државни хартии од вредност. Имено, учеството на банките во недостасаните државни хартии од вредност се намали за 3,87 процентни поени, односно од 68,48% во јуни се сведе на 64,61% во август, но како резултат на тоа се зголеми учеството на останатите инвеститори (пензиски фондови, осигурителни друштва, штедилници и други). Истовремено, учеството на осигурителните друштва се зголеми за 0,50 процентни поени, на пензиските фондови за 0,56 процентни поени, на штедилниците за 0,12 процентни поени, а најголем пораст на учеството е забележано кај категоријата „други“, односно истото е зголемено за 2,73 процентни поени. Учеството на физичките лица во сопственичката структура на недостасаните државни хартии од вредност е незначително променето во истиот период, и изнесува 0.20%.

### ***1.2 <u>Седма емисија на обврзници за денационализација</u>***

По донесените измени на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација (Службен весник на РМ бр.37/2002 и 89/2008), Владата на Република Македонија, на петтата седница одржана на 12.08.2008 година, ја донесе Одлуката за Седмата емисија на обврзници за денационализација.

Вкупниот износ на кој се издаваат обврзниците за денационализација од Седмата емисија е 30.000.000,00 ЕВРА. Со Седмата емисија на обврзниците за денационализација опфатени се сите решенија за денационализација кои станале правосилни до 31.12.2007 година, а во кои како надомест се даваат обврзници.

Обврзниците за денационализација гласат на име и во ЕВРО валута, и се издаваат како дематеријализирани хартии од вредност. Номиналната вредност на една обврзница за денационализација е 1 евро, купонската каматна стапка е 2% годишно и периодот на отплата на номиналната вредност и каматата е 10 години.

На сопствениците на обврзници за денационализација од седмата емисија, им се доставува на домашна адреса известување за личниот износ на емитувани обврзници.

Тргувањето со обврзниците за денационализација од Седмата емисија се

врши на Македонската берза АД Скопје започнувајќи од 27.08.2008 година со посредство на брокерските куќи и банките-членки на Македонската берза АД Скопје.

Обврзниците за денационализација пред рокот за нивното достасување, граѓаните може да ги користат за: купување на акции и удели на претпријатијата кои ги поседува државата; акции и удели на претпријатијата кои се резервирани за поранешните сопственици согласно Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал; плаќање на побарувања пренесени со закон на Агенцијата на Република Македонија за управување со средства (функциите на Агенцијата за управување со средства преминаа во рамки на Министерството за финансии); купување на државен имот кој е понуден за продажба и за чиј откуп е предвидена можност за плаќање со обврзници; купување на акции и удели на државен капитал во процесот на негова приватизација; плаќање на надомест за концесија на државен имот; купување или плаќање на закуп на државен имот; плаќање на обврски кои произлегуваат од Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација и друг еквивалент на сопственост определен со закон.

Просечната цена на тргувањето со обврзниците за денационализација од седмата емисија на Македонската берза АД Скопје во август, изнесуваше 80,22. Доколку се направи споредбена анализа на просечната цена на тргување меѓу обврзниците за денационализација од седмата емисија и обврзниците за денационализација од шесттата емисија во почетниот период, може да се согледа дека просечната цена на тргување со седмата емисија на обврзниците за денационализација е повисока за 4,22 процентни поени.

### *1.3 Движења на секундарниот пазар на државни хартии од вредност во Република Македонија*

Во текот на јули - август 2008 година, на пазарот преку шалтер е забележано незначително тргување со ДХВ (државни записи и државни обврзници), односно во анализираниот период е реализирана само една трансакција со државни записи. Вкупниот номинален износ на тргувањето изнесуваше 3,5 милиони денари, со просечна цена од 98,4413 и просечен принос до достасување од 7,60%.

На Македонската берза во текот на јули се тргуваше со структурни обврзници со вкупен обем од 663,58 илјади евра, а вкупниот промет на тргување[1] со

1Прометот на тргување се добива со множење на остварената цена и обемот (номиналната вредост) на хартијата од вредност.

структурните обврзници изнесува 577,77 илјади евра или 35,35 милиони денари. Просечниот принос до достасување го достигна нивото од 6,83%.

Вкупниот обем на тргување со структурни обврзници во август изнесува 527,50 илјади евра, а вкупниот промет на тргување со структурните обврзници изнесува 456,59 илјади евра или 27,93 милиони денари. Просечниот принос до достасување забележува ниво од 6,91%.

Во август обемот на тргување со структурни обврзници е помал за 136,1 илјади евра во однос на обемот на тргување во јули, како и прометот на тргување со структурните обврзници кој е помал за 121,18 илјади евра во однос на претходниот месец. Просечниот принос до достасување во август е поголем за 0,08 процентни поени споредено со истиот во јули. Учеството на странските инвеститори на Македонската берза кај државните обврзници (континуирани и структурни) во август изнесува 7,35%, што претставува намалување за 0.62 процентни поени во однос на учеството на странските инвеститори во јули, кога истото изнесуваше 7.97%.

## 1.4 Преглед на сопственичката структура на недостасаните структурни државни обврзници за денационализација и старо девизно штедење заклучно со август, 2008 година

Заклучно август 2008, вкупната состојба на недостасаните структурни државни обврзници е 291,41 милиони евра, од кои 125,64 милиони евра се однесуваат на структурните државни обврзници за денационализација (седум емисии на државни обврзници за денационализација), а 165,77 милиони евра се однесуваат на структурните државни обврзници за старото девизно штедење. Вкупниот број на имателите на недостасани државни обврзници е 129.117 од кои 7.034 се иматели на обврзници за денационализација, а 122.083 се иматели на обврзници за старото девизно штедење. Исто така, од вкупниот износ кој изнесуваше 291.41 милиони евра, 196,83 милиони евра се во сопственост на физички лица, а 94,54 милиони евра се во сопственост на правни лица. Од вкупниот износ кој е во сопственост на правните лица, 28,48 милиони евра или 30,13 % се во сопственост на банките, 1,22 милиони евра или 1,30% се во сопственост на брокерските куќи, а останатите 64,84 милиони евра или 68,58% се во сопственост на останатите правни лица.

Соодносот во сопственичката структура на недостасани структурни државни обврзници кај физичките и правните лица во август споредбено со јуни, бележи зголемување на учеството на правните лица за 5,53 процентни поени во однос на учеството на физичките лица кое е намалено за истата разлика.

# 2 ПАЗАР НА ДРЖАВНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

## 2.1 Примарен пазар

| | Резултати од аукции на ДХВ јули 2008 | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 3 месеци | | 6 месеци | 12 месеци |
| | DZ2008/13-91 | DZ2008/14-91 | DZ2008/07-182 | DZ2008/04-364 |
| ISIN код | MKMINFDZ8130 | MKMINFDZ8148 | MKMINFDS8071 | MKMINFDY8040 |
| Денови/години на достасување | 91 | 91 | 182 | 364 |
| Дата на аукција | 08.07.2008 | 22.07.2008 | 08.07.2008 | 22.07.2008 |
| Дата на достасување | 08.10.2008 | 22.10.2008 | 07.01.2009 | 22.07.2009 |
| Максимална каматна стапка | - | 7,50 | - | 8,00 |
| Минимална каматна стапка | - | 7,00 | - | 7,20 |
| Пондерирана каматна стапка | - | 7,40 | - | 7,92 |
| Каматна стапка | 7,15 | - | 7,30 | - |
| Постигната цена | - | 98,1650 | - | 92,5866 |
| Цена | 98,2247 | - | 96,4408 | - |
| Понуда | 700.000.000 | 600.000.000 | 500.000.000 | 250.000.000 |
| Побарувачка | 298.920.000 | 493.300.000 | 59.700.000 | 112.300.000 |
| Реализација | 298.920.000 | 493.300.000 | 59.700.000 | 112.300.000 |
| Реализација на конкурентни понуди | - | 493.300.000 | - | 112.300.000 |
| Реализација на неконкурентни понуди | - | 0 | - | 0 |
| Процент на неконкурентни понуди | - | 1 | - | 1 |
| Bid to cover ratio* | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Доставени понуди | 12 | 18 | 4 | 3 |
| Прифатени понуди | 12 | 18 | 4 | 3 |

| | Резултати од аукции на ДХВ август 2008 | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 3 месеци | | 6 месеци | 2 години |
| | DZ2008/15-91 | DZ2008/16-91 | DZ2008/08-182 | DO2008/05-0810 |
| ISIN код | MKMINFDZ8155 | MKMINFDZ8163 | MKMINFDS8089 | MKMINF20G176 |
| Денови/години на достасување | 91 | 91 | 182 | 2 години |
| Дата на аукција | 05.08.2008 | 19.08.2008 | 05.08.2008 | 21.08.2008 |
| Дата на достасување | 05.11.2008 | 19.11.2008 | 04.02.2009 | 25.08.2010 |
| Максимална каматна стапка | 7,55 | 7,95 | 8,00 | |
| Минимална каматна стапка | 7,15 | 7,19 | 7,40 | |
| Пондерирана каматна стапка | 7,40 | 7,38 | 7,76 | |
| Каматна стапка | - | - | - | - |
| Постигната цена | 98,1639 | 98,1685 | 96,2239 | |
| Цена | - | - | - | - |
| Купонска каматна стапка | - | - | - | 8,25 |
| Понуда | 350.000.000 | 400.000.000 | 350.000.000 | 300.000.000 |
| Побарувачка | 314.540.000 | 249.620.000 | 172.570.000 | 45.000.000 |
| Реализација | 292.540.000 | 149.620.000 | 175.570.000 | 45.000.000 |
| Реализација на конкурентни понуди | 292.540.000 | 149.620.000 | 172.570.000 | - |
| Реализација на неконкурентни понуди | 0 | 0 | 0 | - |
| Процент на неконкурентни понуди | 1 | 1 | 1 | - |
| Bid to cover ratio* | 1,08 | 1,67 | 0,98 | 1 |
| Доставени понуди | 20 | 20 | 7 | 2 |
| Прифатени понуди | 17 | 19 | 7 | 2 |

*Министерство за финансии на Република Македонија*
*Сектор за управување со јавен долг*

*Извор: Министерство за финансии*




*Извор: Министерство за финансии*




*Извор: Министерство за финансии*

*Министерство за финансии на Република Македонија*
*Сектор за управување со јавен долг*







*Извор: Министерство за финансии*







*Извор: Министерство за финансии*

*Министерство за финансии на Република Македонија*
*Сектор за управување со јавен долг*







*Извор: Министерство за финансии*







*Извор: Министерство за финансии*

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

## Просечно време на достасување (Average time to maturity-ATM*) на портфолиото со континуирани државни хартии од вредност




*Average time to maturity (ATM) е индикатор кој го покажува ризикот од рефинансирање кој е особено релевантен кога достасаниот долг е потребно да се рефинансира со дополнителна емисија на нов јавен долг. ATM ја покажува просечната должина на време кога хартијата од вредност доспева и ја укажува сензитивноста на фондовите со фиксен приход врз промената на каматните стапки. Доколку просечната должина на време кај ATM е поголема, истата имплицира на поголемата чувствителност на промената на каматните стапки.

| | Државни записи | | Државни обврзници | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2 години | | 3 години | | | |
| **Времетраење (Duration)*** | 30 јуни 2008 | 31 август 2008 | 30 јуни 2008 | 31 август 2008 | 30 јуни 2008 | 31 август 2008 | 30 јуни 2008 | 31 август 2008 |
| Просечно денови | 57,37 | 67,22 | 359,84 | 311,77 | 581,06 | 518,97 | 201,74 | 191,40 |
| Просечно години | 0,16 | 0,18 | 0,99 | 0,85 | 1,59 | 1,42 | 0,55 | 0,52 |

*Duration е индикатор кој го покажува ризикот од промената на каматните стапки. Попрецизно, овој показател покажува колку брзо промените на каматната стапка би влијаеле на трошокот на долгот, односно која е промената на вредноста на хартијата од вредност со фиксен приход како резултат од 1% промена на каматните стапки. Кај индикаторот искажан во години Duration од 5 години значи дека вредноста на хартијата од вредност би се зголемила за 5%, доколку каматните стапки се намалат за 1% и обратно.

*Извор: Министерство за финансии*

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

## Крива на принос на ДХВ на примарен пазар




*Извор: Министерство за финансии*

## 2.2 Секундарен пазар

### 2.2.1 Македонска берза

**ПРЕГЛЕД НА ТРГУВАЊЕ СО ОБВРЗНИЦИ НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА АД Скопје**

| Јули 2008 год. | Макс. (%) | Мин. (%) | Последна просечна дневна цена (%) | Последен датум на тргување | Обем (НВ во ЕВРА) | Промет (денари) | Промет (ЕВРА) | Принос до достасување на обврзниците |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| РМ01 | 91,70 | 90,30 | 90,65 | 31.07.2008 | 233.498,00 | 12.949.982,00 | 211.659,00 | 8,42% |
| РМДЕН01 | 88,50 | 88,50 | 88,50 | 18.07.2008 | 572,00 | 30.963,00 | 506,00 | 7,66% |
| РМДЕН02 | 89,00 | 88,20 | 89,00 | 17.07.2008 | 5.819,00 | 316.222,00 | 5.168,00 | 6,45% |
| РМДЕН03 | 87,50 | 86,10 | 86,10 | 29.07.2008 | 70.470,00 | 3.766.596,00 | 61.561,00 | 6,93% |
| РМДЕН04 | 86,50 | 83,60 | 85,50 | 30.07.2008 | 87.243,00 | 4.571.051,00 | 74.707,00 | 6,52% |
| РМДЕН05 | 86,00 | 85,00 | 85,00 | 31.07.2008 | 57.886,00 | 3.017.533,00 | 49.328,00 | 6,18% |
| РМДЕН06 | 87,00 | 85,00 | 85,50 | 30.07.2008 | 204.098,00 | 10.698.049,00 | 174.846,00 | 5,62% |

| Август 2008 год. | Макс. (%) | Мин. (%) | Последна просечна дневна цена (%) | Последен датум на тргување | Обем (НВ во ЕВРА) | Промет (денари) | Промет (ЕВРА) | Принос до достасување на обврзниците |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| РМ01 | 91,00 | 90,60 | 90,93 | 29.08.2008 | 167.506,00 | 9.309.312,00 | 152.165,00 | 8,54% |
| РМДЕН02 | 88,30 | 87,20 | 87,20 | 29.08.2008 | 25.871,00 | 1.391.815,00 | 22.753,00 | 7,43% |
| РМДЕН03 | 86,30 | 86,20 | 86,20 | 27.08.2008 | 11.620,00 | 613.335,00 | 10.026,00 | 7,01% |
| РМДЕН04 | 85,50 | 84,00 | 84,40 | 29.08.2008 | 115.316,00 | 5.987.591,00 | 97.867,00 | 7,02% |
| РМДЕН05 | 85,50 | 84,00 | 85,50 | 29.08.2008 | 43.754,00 | 2.286.057,00 | 37.375,00 | 6,10% |
| РМДЕН06 | 86,50 | 82,00 | 86,50 | 29.08.2008 | 94.242,00 | 4.944.790,00 | 80.831,00 | 5,40% |
| РМДЕН07 | 80,90 | 80,00 | 80,40 | 29.08.2008 | 69.193,00 | 3.399.267,00 | 55.574,00 | 6,89% |

*Извор: Македонска берза АД Скопје*

**СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ НА ОФИЦИЈАЛНИОТ ПАЗАР НА БЕРЗАТА ВО 2007 И 2008**

| Странски инвеститори | Авг-07 | Сеп-07 | Окт-07 | Ное-07 | Дек-07 | Јан-08 | Фев-08 | Мар-08 | Апр-08 | Мај-08 | Јун-08 | Јул-08 | Авг-08 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Обврзници* | 10.22% | 10.32% | 8.72% | 8.58% | 8.40% | 8.39% | 8.38% | 8.38% | 8.39% | 7.87% | 7.68% | 7.97% | 7.35% |

* Состојба на крајот на секој месец, добиени од Централниот депозитар за хартии од вредност, а која се однесува на учество на странските инвеститори во вкупната номинална вредност на обврзниците на секундарниот пазар.

*Извор: Македонска берза АД Скопје*

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг




*Извор: Македонска берза АД Скопје*




*Извор: Македонска берза АД Скопје*

## *2.2.2 Пазар преку шалтер*

Склучени трансакции на пазарот преку шалтер на ДЗ во периодот април 2007 - август 2008




*Извор: НБРМ*

Склучени трансакции на пазарот преку шалтер на ДО во периодот април 2007 - август 2008




*Извор: НБРМ*

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

**Крива на принос на ДХВ на секундарен пазар**




*Извор: Министерство за финансии*

*Министерство за финансии на Република Македонија*
*Сектор за управување со јавен долг*

## 3 КАЛЕНДАР НА АУКЦИИ ЗА ТРЕТИОТ И ЧЕТВРТИОТ КВАРТАЛ ВО 2008 ГОДИНА

| Квартал | Месец | Ознака на аукција | Датум на аукција | Датум на емисија | Датум на достасување | Денови - години на достасување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| III | Јули | *DZ2008/07-182* | 08.07.2008 | 09.07.2008 | 07.01.2009 | 182 |
| | | *DZ2008/14-91* | 22.07.2008 | 23.07.2008 | 22.10.2008 | 91 |
| | | *DZ2008/04-364* | 22.07.2008 | 23.07.2008 | 22.07.2009 | 364 |
| | Август | *DZ2008/15-91* | 05.08.2008 | 06.08.2008 | 05.11.2008 | 91 |
| | | *DZ2008/08-182* | 05.08.2008 | 06.08.2008 | 04.02.2009 | 182 |
| | | *DZ2008/16-91* | 19.08.2008 | 20.08.2008 | 19.11.2008 | 91 |
| | | *DO2008/05-0810* | 21.08.2008 | 25.08.2008 | 25.08.2010 | 02 |
| | Септември | *DZ2008/17-91* | 02.09.2008 | 03.09.2008 | 03.12.2008 | 91 |
| | | *DZ2008/09-182* | 02.09.2008 | 03.09.2008 | 04.03.2009 | 182 |
| | | *DZ2008/18-91* | 16.09.2008 | 17.09.2008 | 17.12.2008 | 91 |
| | | *DZ2008/05-364* | 16.09.2008 | 17.09.2008 | 16.09.2009 | 364 |
| | | *DO2008/06-0911* | 25.09.2008 | 29.09.2008 | 29.09.2011 | 03 |
| IV | Октомври | *DZ2008/19-91* | 07.10.2008 | 08.10.2008 | 07.01.2009 | 91 |
| | | *DZ2008/10-182* | 07.10.2008 | 08.10.2008 | 08.04.2009 | 182 |
| | | *DZ2008/20-91* | 21.10.2008 | 22.10.2008 | 21.01.2009 | 91 |
| | | *DO2008/07-1010* | 28.10.2008 | 30.10.2008 | 30.10.2010 | 02 |
| | Ноември | *DZ2008/21-91* | 04.11.2008 | 05.11.2008 | 04.02.2009 | 91 |
| | | *DZ2008/11-182* | 04.11.2008 | 05.11.2008 | 06.05.2009 | 182 |
| | | *DZ2008/22-91* | 18.11.2008 | 19.11.2008 | 18.02.2009 | 91 |
| | Декември | *DZ2008/23-91* | 02.12.2008 | 03.12.2008 | 04.03.2009 | 91 |
| | | *DZ2008/12-182* | 02.12.2008 | 03.12.2008 | 03.06.2009 | 182 |
| | | *DZ2008/24-91* | 16.12.2008 | 17.12.2008 | 18.03.2009 | 91 |
| | | *DZ2008/06-364* | 16.12.2008 | 17.12.2008 | 16.12.2009 | 364 |

*Извор: Министерство за финансии*

*Календарот е индикативен и истиот може да биде предмет на измени имајќи ги во предвид поместувањата кои можат да настанат поради верските и националните празници*

Министерство за финансии на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

## 4 ОВЛАСТЕНИ ДИРЕКТНИ УЧЕСНИЦИ (податоци, контакти и провизии) ****

| | Назив | Адреса | Телефакс | Тел.број | Номинален износ | Провизија за државни записи-успешна понуда* | Провизија за државни обврзници-успешна понуда | Провизија за неуспешна понуда |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Алфа банка АД Скопје | Даме Груев 1 | 3116-830<br>3135-206 | 3116-433 | Било кој износ | 0,10% (мин. 150 ден.) | 0,10% (мин. 150 ден.) | |
| 2 | Еуростандард банка АД Скопје | 27 Март бб. | 3224-095 | 3228-444 | Било кој износ | 0,12% (мин. 300 ден.) | 0,12% (мин300 ден.) | 300 ден. |
| 3 | Инвестбанка АД Скопје | Македонија 9/11 | 3135-367 | 3114-166 | | | | |
| 3.1 | Инвестбанка АД Скопје (за државни записи) | | | | За различни износи | Варијабилниот процент се намалува од 0,14% до 0,10% ( мин 200 ден.) | | |
| 3.2 | Инвестбанка АД Скопје ( за државни обврзници) | | | | За различни износи | | Варијабилниот процент се намлува од 0,14% до 0,10% ( мин 500 ден.) | |
| 4 | Капитал банка АД Скопје | 27 март 1 | 3112-830<br>3134-060 | 3119-191<br>3124-288 | До 200,000 ден.<br>Над 200,000 ден. | 200 ден. фиксно<br>0,10% | 0,10%(мин. 200 ден.) | 200 ден. |
| 5 | Извозна и кредитна банка АД Скопје | Партизански одреди, 3 блок 11 | 3122-393 | 3122-207 | било кој износ | 0,12% | 0,12% | 300 ден за ДЗ и 500 ден за ДО |
| 6 | Комерцијална банка АД Скопје | Димитар Влахов 4 | 3113-494 | 3107-107<br>3111-133 | било кој износ | 0,12% (мин.300 ден.) | 0,12% (мин. 300 ден.) | 300 ден. |
| 7 | Статер банка АД Куманово | Плоштад Нова Југославија б.б | 031/420-061 | 031/475-100<br>031/426-455 | било кој износ | 0,12% (мин.200 ден.) | 0,15% (мин.300 ден.) | 200 ден. За ДЗ и 300 ден за ДО |
| 8 | Охридска банка АД Охрид | Македонски просветители 19 | 046/254-130<br>046/254-133 | 046/206-600<br>046/265-330 | Било кој износ | 0,10% | 0,10% (минимум 100 ден.) | 100 ден. за ДО |
| 9 | Поштенска банка АД Скопје | Маркс Енгелс 3 | 3220-389<br>3163-054 | 3112-862<br>3163-354 | Не работи со клиенти | | | |
| 10 | ПроКредит банка АД Скопје | Бул. Јане Сандански 109/а | 3219-901 | 3219-900<br>3219-948 | Било кој износ | 0,10% (мин.200 ден.) | 0,10% (мин.200 ден.) | |
| 11 | Силекс банка АД Скопје | Градски ѕид, блок 9. локал 5 | 3114-891<br>3224-844 | 3115-288<br>3115-880<br>3112-699 | Било кој износ | 500 ден. фиксно | 0,12% (мин. 500 ден.) | 500 ден. |
| 12 | Стопанска банка АД Битола** | Добривое Радосављевиќ 21 | 047/207-515<br>047/207-541<br>047/207-513 | 047/207-500 | Било кој износ | 0,1% (мин.200 ден.) | 0,2% | 200 ден. за ДЗ |
| 13 | Стопанска банка АД Скопје | 11 Октомври 7 | 3114-503 | 3295-295 | Било кој износ | 0,11% (мин.400 ден.) | 0,11% (мин.400 ден.) | 250 ден. |
| 14 | ТТК Банка АД Скопје | Народен фронт 19/а | 3236-444 | 3236-400 | Било кој износ | 0,10% (мин. 200 ден.) | | 200 ден |
| 15 | НЛБ Тутунска банка АД Скопје | 12-та Ударна бригада, б.б | 3105-630<br>3105-681 | 3105-601<br>3105-606<br>3105-694 | Било кој износ | 0,12% (мин. 300 ден.) | 0,12% | 300 ден |
| 16 | Универзална инвестициона банка АД Скопје | Максим Горки 6 | 3286-000<br>3130-448 | 3286-100 | Било кој износ | 0,12% | 0,12% | |
| 17 | Т.Ц Зираат банкаси-подружница Скопје*** | Железничка 8 | 3110-013 | 3111-337 | Било кој износ | 0,10% (мин.15 ЕУР максимум 400 ЕУР) | 0,10% (мин.15 ЕУР максимум 400 ЕУР) | |

*Податоците се обезбедени од комерцијалните банки во република Македонија и истите подлежат на промени согласно деловната политика на банките.

** Сите банки наплатуваат провизија на номиналниот износ освен Стопанска банка АД Битола која наплатува провизија на дисконтираниот износ

*** Износите прикажани во ЕУР се пресметуваат во денарска противредност на денот на плаќање по курс на НБРМ.

**** Македонска банка за подршка на развојот а.д. Скопје не работи со клиенти

Сите информации за провизиите на банките за купување на државните записи како и на државните обврзници во име на клиенти, Министерството за финансии на својата web страна www.finance.gov.mk редовно ги ажурира по добивање на известување од банките.

## 5 КОНТАКТИ

| Име | Позиција | Телефон | E-mail |
|---|---|---|---|
| м-р Маја Парнарџиева | Државен советник | 02 3106-103 | Maja.Parnargieva@finance.gov.mk |
| Ана Стојкова | Раководител на Front Office | 02 3106-293 | Ana.Stojkova@finance.gov.mk |
| Дејан Николовски | Front Office | 02 3106-381 | Dejan.Nikolovski@finance.gov.mk |
| Билјана Крушаровска | Front Office | 02 3106-171 | Biljana.Krusarovska@finance.gov.mk |
| Филип Гривчевски | Front Office | 02 3106-774 | Filip.Grivcevski@finance.gov.mk |